## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седмата седница на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 21 јануари 1999 година.

Седницата се одржа во салата за седници во зградата на Владата на Република Македонија, со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неја раководеше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници.Ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.Констатирам дека пратениците Васе Манчев и Илија Горгиев го оправдаа своето отсуство од денешната седница. Исто така, своето отсуство од денешната седница го оправда и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Владимир Џабирски и министерот Тони Поповски. Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот на Државната изборна комисија г-ѓа Лилјана Ристова, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет. Записниците од Третата, Четвртата, Петтата и Шестата седница на Собранието Ви се доставени.

Ве молам дали има забелешки на записниците. (нема)

Констатирам дека записниците од Третата, Четвртата, Петтата и Шестата седница на Собранието се усвоени без забелешки. За денешната седница го предлага следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.
2. Избор на министри кои ќе раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самоуправа, Министерството за иселеништво и Министерството за информации.
3. Именување на заменици на министрите кои раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самоуправа Министерството за иселеништво и Министерството за информации.
4. Предлог за избор на судија на Основниот суд во Кичево.
5. Предлог на одлука за разрешување на генералниот директор на Јавното претпријати на МТВ.
6. Предлог на одлука за именување на Генерален директор на Јавно претпријатие МТВ.
7. Предлог на одлука за огласување избор на судии во основните судови во Гевгелија и Гостивар.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, членови на Владата, почитувани дами и господа пратеници.Бидејќи петтата точка е разрешување на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ, мислам дека е редно, значи предлагам да се дополни дневниот ред со две точки. И тоа, разрешување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ и втората точка именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ. Ова е согласно со член 19 од Законот за основање на Јавното претпријатие МТВ,"Службен весник на Република Македонија"број 6/98.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри.Сведоци сме дека во јавноста се шират некои шпекулации во наводниот глас на соседна Грција дека во Македонија има ускладиштено нуклеарен отпад. Бидејќи не се поминати сто дена, едно ургентно барање да не се шпекулира со вакви информации и да не носи хипотека и оваа Влада и овој Парламент, бидејќи носи одговорност пред граѓаните на Република Македонија, барам Владата да изготви Информација за наводно ускладиштување на нуклеарен отпад во Република Македонија. Посочени се дуру и места, се работи за Мариово и дел во некои напуштени рудници, се вртат некаде бројки околу 200 милиона германски марки, или 200 милиона американски долари, затоа, да не добијам информации од некој владин орган, најдобро е информацијата да ја изготви Владата за првата наредна седница.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

По однос на предлогот изнесен од страна на координаторот на Пратеничката група на Демократската партија на албанците, г-динот Замир Дика, би сакал да кажам дека ваков предлог за разрешуваше не е соодветен на претходниот за разрешување и именување на генерален директор на Јавното претпријатие на МТВ, бидејќи истиот го полуди својот мандат на Собранието и соодветно на тоа Комисијата одлучи како што е доставено и до нас пратениците. Мислам дека во овој случај ставање ваква точка атхок, без соодветно образложение не е најдобра практика за работење и мислам дека доколку навистина се опстојува оваа точка да се најде денеска на дневен ред, треба малку поопширно да се образложи, кој се причините за разршување на заменик директорот на Јавното претпријатие МТВ. Затоа јас би побарал да се повлече оваа точка од дневниот ред и евентуално истата да се најде по консултациите и разговорите направени помеѓу пратеничките групи.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Како пратеник од Изборна единица во која доминантна култура е тутунопроизводството, а имајќи ја предвид настанатата состојба во врска со откупот на тутунот од минатогодишната реколта, предлагам на оваа седница Владата да даде информација за состојбите со откупот на тутунот во Република Македонија.Ценам дека ова прашање е приоритетно за разгледуваше на оваа седница, со оглед на тоа со тутунопроизводство во Македониј се занимаваат 50-тина илјади семејства, односно од тутунот егзистираат околу 200.000 жители. Инфомрацијата ќе биде од голема корист за тутунопроизводителите, при што ценам дека истите ќе дојдат до потребните сознанија од право место и ќе се анулираат разните дисонантни податоци, кои што сега ги добиваме преку медиумите, преку разни штрјкувачки одбори синдикати, органи и други поединци.Без разлика на тоа што добиваме информација дека тутунот е не исплатлив за државата, исто така ја добиваме и таа информација дека производството треба да се намали, односно со тоа се најавува дека тутунот го губи статусот на стратешка култура. Стратегијата треба да се гледа и од аспект на тоа што, како што реков, од оваа култура живеат 50-тина илјади семејства и околу 2 0 0.000 народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во врска со дневниот ред? (никој).

Имаме два, односно три предлози, покрај овој дневен ред кој што е понуден пред почетокот на седницата. Ве молам, околу лредлогот поднесен од г-динот Замир Дика кој што бара да се дополни дневниот ред со донесување на Одлука за разрешување на заменикот на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ и со уште еден предлог, Одлука за именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ, како и две информации од кои што, јас колку што разбрав, едната треба да се достави по писмен пат и до средствата за јавно информирање, а тоа е околу складирањето на нуклеарниот отпад, а втората, до колку може Владата да одговори, иако и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го најави своето отсуство, тоа е информацијата за откупот на тутунот.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Јас би ги ставил овие точки сега на дневен ред, иако околу точката што ја предложи г-динот Зами Дика, има предлог таа да не се стави на дневен ред. Според тоа, пред да го утвтдам дневниот ред, би сакал да се произнесеме по предлозите.Првиот предлог е Предлог на одлука за разрешување на заменикот на генералниот директор на Јавното претпријатие на МРТВ и соодветно на тоа Предлог одлука за именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие на МРТВ. Ќе ве молам, кој е за тоа овој предлог да се стави на дневен ред на денешнава седница? (70)

Седумдесет пратеници гласаа за.

Кој е против, ќе ве молам? (25)

Дваесет и пет пратеници гласаа против.

Дали има воздржани (1)

Еден пратеник.

Значи, со 70 за , 25 против и еден воздржан Предлогот ќе се стави на дневен ред. Јас предлагам да биде тоа точки шест и седум, а останатите да се поместат како точка осум и точка девет. Како точка 10, имавме информација за складираше на нуклеарен отпад и таа да биде доставена во писмена форма и до пратеникот и до средствата за јавно информирање. Барем така јас го разбрав пратеникот Слободан Даневски.Ќе ве молам, кој е оваа точка да се стави на дневен ред.

Има збор г-динот пратеник Гештаковски кој има Деловничка интервенција.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани членови на Влада и пратеници, Мислам дека во принцип правите деловничка грешка, за да можат пратениците да се изјаснат по барањето на оваа седница да се расправа по бараната информација, би требало претставник на Влада да излезе и да каже дали за оваа седница може да изготви информација, усно ќе го информира Парламентот или за една од наредните седници.

Не е битно дали е присутен министер од надлежниот ресор. Владата ја претставува претседателот на Владата и потпретседателите на Влада. По изјаснување од страна на претставникот на Владата парламентарците ќе можат да се изјаснат дали да се расправа или не . И уште едно деловничко укажување, овој Парламент е законодавен дом.Не расправа ниту за средствата за информирање, ниту за одредени други групации. Ние носиме закони и расправаме по информации. Се што е овде важи за сите граѓани на РМ. Информацијата што ја ќажавте ќе ја разгледуваме и за средствата за информирање. Молам да постапите согласно на Деловникот, претставникот на Владата да се изјасни, да разјасни на пратениците како би можеле да се изјасниме со гласање.

**САВО КЛОМОВСКИ:**

Благодарам многу.

Тогаш, го молам претставникот на Владата да се изјасни дали може на оваа седница да се даде информација за складирањето на нуклеарен отпад или ќе се достави во писмена форма. Има збор г-динот Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Нормално, за информацијата побарана од г-динот Даневски, треба таа Информација да се изготви и на една од наредните седници да се стави на дневен ред и да се расправа по истата. Таква информација Владата ќе подготви и ќе ја достави до Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто така имаме барање за доставување Информација за откуп на тутунот.Дали претставникот на Владата ќе земе збор?

Има збор министерот за финансии Борис Стојменот.

Но, ќе ве молам кој е да ја ставиме оваа точка на дневен ред, односно да добиеме информација во писмена форма на една од наредните седници. Штом сакаат да гласаме, да гласаме, јас мислев дека е веќе ставена штом е прифатена. Добро, кој е за, молам да крене рака? (98) Деведесет и осум пратеници се за ставање на оваа точка на дневен ред.

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Според тоа, точката е усвоена како информација за складирање на нуклеарен отпад што на една од седниците ќе ни ја достави Владата. Последниот предлог за ставаше на дневниот ред е Информацијата за откуп на тутунот. Го молам претставникот на Владата , г-динот Борис Стојменов да ни даде информација или пак во писмена форма?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа ,

Владата, во овој момент неможе да даде усна информација за откуп на тутунот, меѓутоа се обврзува на наредната седница да даде писмена информација за откупот на тутунот во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Благодарам на претставникот на Владата. Ја ставам на гласање оваа информација. Кој е за да биде ставена на дневен ред информацијата за откупот на тутунот? Дали предлагачот бара денеска да се расправа по информацијата, бидејќи Владата вели дека во писмена форма ќе биде доставена? Има збор предлагачот.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Како предлагач на оваа точка се согласувам но не да биде на наредна седница туку на првата наредна седница точката, бидејќи прашањето е актуелно и неможе така да се остави за подолг период.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве, веќе имаме јасно прецизирање.

Со вакво прецизирање да ја ставиме сепак на денешнава седница информаццјата, а да добиеме на наредната седница писмена информација од страна на Владата. Констатираме ова и ставаме на наредната седница. Денеска го прифаќаме предлогот, а за наредната седница ќе биде оваа информација. Има збор г-динот Љупчо Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека настана една непотребна збрка околу утврдувањето на дневниот ред. Бараните информации неможе да се стават на дневен ред на оваа седница, бидејќи нема предмет, нема тема за расправа. Собранието може со заклучок да ја задолжи Владата за една од наредните седници или, како што беше во вториот случај , заклучок за наредната седница , значи ќе бидат ставени на дневен ред на наредните седници. И, нема што да се гласа по овие точки во рамките на дневниот ред за оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Треба да донесеме заклучок, во таа смисла.Добро, во ред е. Ќе ве молам конечно да го утврдиме дневниот ред после сето ова:

1. Верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Избор на министри кои ќе раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самоуправа, Министегрството за иселеништво и Министерството за информации.

3. Именување на заменици на министрите кои раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самуправа, Министерството за иселеништво и Министерството за информации.

4. Предлог за избор на судија на Основниот суд - Кичево.

5. Предлог на одлука за разрешување генерален директор на јавното претпријатие МРТ. Предлог на одлука за разрешување на заменикот на генергалниот директор на Јавното претпријатие МРТ.

6. Предлог на одлука за именување на генерален директор на Јавното претпријатие МРТ.

7. Предлог на одлука за именување на заменик генерален директор на Јавното претпријатие МРТ.

8. Предлог на одлука за огласување и избор на судии на основните судови во Гевгелија и Гостивар. Исто и заклучоците во врска со предложените информации што ќе ни бидат доставени на наредната седница.

Ве молам кој е за вака предложениот дневен ред? (99)

Кој е против? (7)

Дали има воздржани (1)

Констатирам дека со 99 гласови за, седум против и еден воздржан е усвоен дневниот ред.

Минуваме на точката еден - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на РМ. Извештајот на верификационата Комисија ви е поделен. Отворам претрес по Извештајот на верификационата Комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа,

Ништо ново нема што да се каже од тоа што е кажано во Извештајот на Државната изборна комисија и Заклучокот и решението на Комисијата за верификација на мандатот. Исполнети се сите услови Ѓорѓи Котевски да дојде наместо пратеникот во ова Собрание кој отиде на функција директор на Електростопанство, г-дин Рафајловски. Останува само да ја констатираме оваа законска обврска и Собранието, штом се исполнети условите да се верификува мандатот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Верификационата комисија.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија го ставам на гласање.

Кој е за Извештајот и Предлогот, молам да крене рака? (109)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани ? (нема)

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија со 109 гласови за се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Горѓи Котевски.

Минуваме на точката два - Избор на министри кои ќе раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самоуправа, Министерството за иселеништво и Министерството за

информации.

Предлогот претходно ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ**:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на СДС нема да гласа за предложените кандидати за министри и за предложените кандидати за заменици министри. Прво, нема да гласа од принципиелни причини, заради тоа што, во основа, ако се сеќавате, пратеничката група на СДС не го поддржа проширувањето на Владата со овие нови министерства. Во таа прилика го дадовме нашето образложение дека Република Македонија, вистина, нема потреба од нови министерства, особено не од Министерство за информации, Министерство за иселеништво и Министерство за локална самоуправа. Меѓутоа, работа е на владината коалиција несомнено да именува министри и да ја прошири Владата со таквите министерства.

Овој пат сепак имаме причина повеќе да не гласаме за предложените министри. Таа голема причина да не гласаме за предложените министри е неодамнешната ПЕС конференција на министерот кој сега ни се предлага за министер на Министерството за иселеништво, г-динот Мартин Треневски.

Г-динот Мартин Треневски со своите гости кои беа присутни на таа конференција од Македонската патриотическа организација, меѓу другото изнесе ставови дека на Македонија, тој како министер за иселеништво ќе се залага за препрочитување на македонската национална историја, за исправање на идеологизираните делови на таа историја, дека тој , меѓу другото, ќе се залага и се сложи со сопствените гости да се најде место во таа историја за најграндиозните синови на Македонскиот народ Ванчо Михајлов и Тодор Александров.

Истовремено, во присуство на неговите гости, не само да реагира, туку всушности ги поддржа ставовите во насока на тоа дека Македонија треба исто така да го преиспита македонскиот јазик и сопственото писмо кое што , наводно е писмо на Караџиќ-Коневски.

Сметам кога се предлагаат министри од ваква провиниенција и министри кои , меѓу другото се познати од нивното делување во времето како експертската Влада ја обавуваа функцијата министер за информации и кога промовираа во Македонија книги печатени во Бугарија на бугарски јазик од авторот Красимир Узунов и која што беше печатена и на бугарски јазик ,  човек кој е познат со сопствените антимакедонски ставови и член на бугарското ВМРО , тој човек едноставно не ја заслужува нашата доверба. Во оваа прилика сметам дека, можеби, премиерот би требало, кога е веќе присутен во оваа сала , да објасни дали заради тоа што го предлага г-динот Мартин Треневски тоа ќе му биде задачата во тоа Министерство за иселеништво? Дали задачата  на тоа Министерство за иселеништво е токму на овие ставови  да доведе до некакво национално помирување , за кое што исто така е говорено на таа конференција и да ни објасни:

Прво, дали заради тоа, практично овој министер ја ужива довербата на премиерот да стане министер во оваа Влада, практично заради тоа дали ова е договорено во рамките на коалицијата и дали коалиционите партнери го поддржуваат овој министер со сите негови ставови изнесени во оваа прилика и дали всушност така ќе се води политиката.

Секако, прашање на владината коалиција е какви министри ќе предлага. Тие може да немаат никакво искуство во областите за кои се предлагаат, може да немаат никаков ни работен стаж и можат да бидат почетници и невработени, народот ќе оцени дали тие одбрале добри министри и како ќе ја оцени нивната работа за потребите на македонскиот народ.

Меѓутоа, мислам дека СДСМ никогаш нема да се сложи да имаме министри кои ќе молчат пред оние кои доаѓаат во Македонија и кои ќе ни кажуваат дека не постои македонско национално малцинство, дека деловите од нашето национално малцинство во соседните земји се хомосексуалци, дека всушност ни е потребно ревидирање на македонската национална историја и ревидираше на македонскиот јазик. Мислам дека за тоа оваа коалиција не ја доби довербата на македонскиот народ и ние остро ќе се спротивставуваме на таквата политика.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на Ѓорѓи Спасов.

Ве молам, дали некој друг бара збор?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Љубен Пауновски побара збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, бидејки се отворија,некои прашања , некои дилеми што ги даде СДСМ, во име на пратеничката група ке си дозволам да соопштам некои размислувањеа што се надевам дека ке го задоволат вашето љубопитство.

Имено, веке еден од тие аргументи беше дофрлен од еден пратеник, така што треба да ги разгледаме и методите на вашето дејствување околу одредени теми на анатемисување во едно време во кое живееме, извлекуваме на работи од историски контексти за ваши политички цели, така што методите на анатомисување на историските текови треба да ги преиспитате во одредена мера и во вашите редови.

Другата работа е прашањето на слободниот проток на историските движења во историскиот контекст, ова време треба да бидеа најрелаксирано во однос на тие прашања и треба да им дозволи да се движат. Мислам дека веке ги надминавме тие периоди на конкретни идеологии, кои можат да создаваат дефинитивни брани за нешто што смее да се мисли и што не смее да се мисли, нешто што има право да живее и што нема право да живее. Така што, мешањето на овие работи во тие историски контекси, кои за некои, очигледно, се многу трауматични е прашање што треба да се разгледа автономно во себеси или во контектстот конкретно на вашата пратеничка група.

Околу прашањата за слободните движеша и погледи на историските текови, по таа логика треба да го прошириме контекстот или барем да го употребиме искуството на, ако сакате конкретно, западно европските држави каде што имале тие свои движења во одредени периоди се одвивале така како што се одвивале, меѓутоа, никој воопшто не ги сочува своите фрустрации да ги погледне онака како што биле.

Земете ги движењата во самата црква, прашањата на инквизицијата, земете ги методите на регулирањето на правниот поредок каде што дури се одело и дотаму да се ставаат на дневен ред на кривични дела и самите не само лугето, дури и животните. Тоа се периоди кои многу слободно од кога ке се надминат тие поволни или неповолни негативни или позитивни историски движења, погледот кон нив треба да биде слободен. Значи, овие теми врзуваше во контекстот на намерата на Владата да обрне посебно внимание на одредени потреби, кои треба можеби да им се даде простор, одреден простор да добијат нормален тек, а не како што имавме досега движења во контекстот на иселеништвото под една строга и дисциплинирана лупа на службите, се знае кои служби, треба да се релаксираат и тие простори и да им се даде најпозитивна позиција на иселеништвото низ светот, кое знаеме каква функција има. Така што, во рамките на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема никакви дилеми, ниту пак сака да ги чува во рамките на фрустрираноста на целокупниот Фалкан одредеки теми кои за нас се, секако, многу сериозни и спојувањето со нив и давањето примери во контекстот дека некој нечија книга била издадена, во конкретниот случај, во Софија, имаме можеби помалку, можеби исто толку или далеку повеке такви примери жкои се издадени во Белград, во Загреб, во Љубљана. Ако сакаме, тогаш можеме да направиме една прецизна анализа па да ги видиме рамномерните поделби на движењата на нештата. Но, мене ме чуди не е тоа феноменот со кои сакам некои работи да ги посочам. Мене ме чуди фено-менот сеуште движење по линијата на барикади на сло.бодниот проток на идеите и на комуникациите. Ако мислите дека главниот проблем треба сеуште да расправаме со буквите од Азбуката П и Б или просторот каде што одредени комуникации и културни, културолошки и од било кој друг вид треба да ги ставиме под дилема каде се издале, јас мислам дека сеуште живеат одредени луѓе со багаж од некакви идеологии. Така што, не би сакал повеке да ширам, но доколку имате пореба, тогаш ќе ја прошириме дискусијата на многу конкретни работи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во врска со овој предлог? За збор се јави г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, г-дине претседателе на Владата,

министри, господа пратеници, сакаме што

побргу да завршиме со овие избори и именувања. Еве, ние сме два месеци и два дена Собранието се занимава само со тоа, само се именуваме, се избираме како што гледате и тоа изгледа е неизбежно. Ама поскоро и да завршиме, но и да ни се помогне во нашето одлучување и до Владата. Мислам дека претседателот на Владата има право да ни пршдложи од составот на Владата кој, кое Министерство ќе го води. Меѓутоа, морам да кажам дека овде е г-динот Спасов без оглед на тонот на кој е кажано, без оглед што ние мислиме за г-динот Спасов, ставена е една забелешка за која треба да се поведе сметка и да се поразмисли.

Точно е тоа што го рече г-динот Пауновски дека Балканот е полн со фрустрации од историјата. Сите ние сме преживеале многу работи. Некој може да има забелешка на некого една, друг на друга итн, Меѓутоа, сите заедно сме тука сега да видиме како натаму ќе доиме и да не создаваме услови за нови флустрации, да не ги фрустрираме луѓето, да не ги конфронтираме и другите, не само ние овде, да бараме некои патишта како можеме без старите фрустрации, не создавајќи нови да наоѓаме некои здружувања и заедно да заботиме и да ги решаваме прашањата.

Може и слободен треба да биде протокот на идеи и луѓе. Слободно може било кој иселеник овде да каже дека ете тој наместо овој, оној го смета за најголем син на Македонија. Сето тоа може да побара и промена на писмо, може да побара, да си менуваме националност итн., тоа слободно може да го каже. Но,ве молам станува збор за тоа како ке реагираат нашите министри тука и дали со своето присуство ќе прановираат такви идеи и дали ако сакаме да ги средуваме односите да ги унапредуваме односите и да го збогатиме присуството на нашето исселеништво овде, ќе го направиме така што веќе на почетокот, на стартот на работата на еден минситер надлежен за тоа, половина рд иселеништвото ќе ни се спротивстави. Затоа што, не се иселеници само припадниците и приврзаниците на МПО, туку има и други иселеници кои пак спротивно на тоа се. Или пак, нивните тамошни расправи и дилеми и дискусии и спротивности ќе ги пренесеме овде и ќе му биде спонзор на секој до нив овде кога ќе дојде министерот.

Затоа, јас мислам вака. Можеби е способен г-динот Мартин Треневкки да биде министер во Владата и ние гласавме за него да биде министер, мислам дека неговиот гест што го направи овој пат не го препорачувам да биде предложен токму за ова министерство. Му препорачувам на премиерот да предложи друг министер на ова место, а г-динот Тренески нека се занимава со други задачи во Владата. Немојте да пропупштиме шанса Владата да биде водител на мирни промени без нови фрустрации, без нови конфронтации, па и во оваа сала.

Не треба министер да се занимава со историјата. Не треба да дава нагласи кој дел од Историајта како ке се чита итн. Не е тоа работа на Владата. Или како ќе ја читаме, кој како ќе ја чита итн, тоа ќе си оди посебе, по свое ќе си оди. Минситерот штом со тоа се занимава и дава многу тешка задача на Владата, таа да бидае покровител на кој дел од Историјата како ќе се толкува. На Владите не им е тоа работа. Не треба со тоа Владата да се занимава. Ќе имаме пак некои, да речеме, обвинувања за нови обиди на опстроиисани истории итн. Затоа, мој предлог е да создадеме клима на мегусебно разбирање и почитуваше. Клима на толеранција. Мислам дека забелешката на г-динот Спасов е доборнамерна и веднаш нека не се обвинува човекот за други фрустрации итн. Секој има некоја фрустрација и таква ни била пеколната судбина, така што овие жители и граѓани на ова подрачје сме го пре-живеале. Тука да не покажуваме моќ, мускули на мнозинството и тврдоглавост. Размислете, многу работи се постигнуваат, ,могу поуваво, многу поефикасно ако многу пвоеќе се води сметка за чувството на што поголем број луѓе. Инаку, се раѓаат непотребни конфронтации, непотребни меѓусебни омрази и напади итн. Зарем тоа ни треба? Затоа, ја давам оваа сугестија. Инаку морам да ви кажам ако не се усвои воаа сугестија, не ќе можам да гласам за Предлогот што сега го дава премиерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојан Андов.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Кој е за,Предлогот? Никола Груевски да биде избран за минситер кој ќе раководи со Министерството за трговија, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за. Кој е против?

21 пратеник гласаа против. Дали има воздржани?

9 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Никола Груевски е избран за министер кој ќе раководи со Минситерството за трговија.

Кој е за предлогот Тони Поповски да бидае избран за министер кој ќе раководи со Минситерството за животна средина, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за. Кој е против?

22 пратеници гласаа против.

Дали имаме воздржани пратеници?

9 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Тони Поповски е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина.

Кој е за предлогот проф.д-р Георги Боев да бидае избран за минситер кој ќе раководи со Министерството за млади и спорт, молам да крене рака.

74 пратнеици гласаа за.

Кој е против?

22 пратеници гласаа против.

Од гласањето се воздржаа 8 пратеници.

Спроед тоа, констатирам дека проф-д-р Георги Боев е избран на министер кој ќе раквооди со Министерството за млади и спорт.

Кој е за предлогот м-р Џевдет Насуфи да биде избран за министер кој ќе раководи со Минситерството за локална самоуправа, молам да крене рака?

76 ратеници гласаа за.

Кој е против?

22 пратеници гласаа против. Дали има воздржани?

7 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека м-р Џевдет Насуфи е избран за министер кој ќе раководи со Минситерството за локална самоуправа.

Кој е за предлогот м-р Мартин Треневски да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за иселеништво, молам да крене рака?

73 пратеници-гласаа за.

Кој е против? 25 пратеници гласаа против.

Дали има воздржани?

10 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека м-р Мартин Треневски е избран за министер, кој ќе ракводи со Минситерството за иселеништво.

За збор се јави г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи сакам да го искористам моето деловничко право се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечни изјаснувањеа на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ке ве молам кој го поддржува и дали има 10 пратеници? (Има).

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

Јас се извинувам само дали прашањето се однесуваше на гдинот за гласањето дали е недовербата за г-динот Мартин Треневски?

**САВО КЛИМОВСКИ:** Да

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

Тогаш гласаме за предлогот г-динот Мартин Треневски да биде избран за министер кој ќе раководи со Минситерството за иселеништво.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

Ќе ве молам да се изјасниме.

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛЛИ | ЗА |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | ОТСУТЕН |
| АБДУЛА АЛИУ | ВОЗДРЖАН |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | ПРОТИВ |
| СТОЈАН АНДОВ | ПРОТИВ |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | ЗА |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | ЗА |
| АМДИ БАЈРАМ | ОТУСТЕН |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | ЗА |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | за |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | ВОЗДРЖАН |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | ЗА |
| ЈОРДАН БОШКОВ | ЗА |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | ПРОТИВ |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | ОТСУТЕН |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | ЗА |
| ВАСИЛ ГАЦОВСКИ | ЗА |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | ЗА |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | ЗА |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | ПРОТИВ |

| | |
|---|---|
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | ОТСУТЕН |
| ПЕТАР ГОШЕВ | ПРОТИВ |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | ОТСУТЕН |
| ЗАМИР ДИКА | ЗА |
| ВАНЧО ЃОРГИЕВ | ОТСУТЕН |
| ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ | ОТСУТЕН |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | ЗА |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | ВОЗДРЖАН |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО | ОТСУТЕН |
| МИРКО ИВАНОВ | ПРОТИВ |
| ИЛИЈА ИЛОСКИ | ПРОТИВ |
| ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | ЗА |
| НИКОЛА ЈОВАНОВ | ЗА |
| ВЕСНА ЈОВАНОВСКА | ЗА |
| МАРИКА ЈОРДАНОВА | ЗА |
| РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ | ЗА |
| ЖАРКО КАРАЏОСКИ | ЗА |
| МИТКО КИР0В | ЗА |
| ЛАЗАР КИТАНОСКИ | ПРОТИВ |
| САВО КЛИМОВСКИ | ЗА |
| СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | ПРОТИВ |
| ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | ЗА |
| ИЛИЈА ЛАЗАРОВ | ЗА |
| ГОРАНЧО ЛАЗОВ | ЗА |
| АЛИРИЗА ЛОГА | ЗА |
| БИЛАЛ ЉУТФИИ | ЗА |
| ВАСЕ МАНЧЕВ | ЗА |
| НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА | ЗА |
| ЃУЛИСТАНА МАРКОВСА | ЗА |
| ДЕСПИНА МАРКОВСКА | ЗА |
| ЗВОНКО МИРЧЕСКИ | ЗА |
| ДРАГАН МИТЕВСКИ | ОТСУТЕН |
| ИЛИНКА МИТРЕВА | ПРОТИВ |
| КИРИЛ НАСТЕСКИ | ПРОТИВ |
| РУБЕНС НАУМОВСКИ | ЗА |
| ГОРАН НЕВЕНОВСКИ | ЗА |
| ЛАТИФ ПАЈКОСКИ | ПРОТИВ |
| АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ | ЗА |
| ВАНЧО ПАНЧЕВ | ЗА |
| ЉУБЕН ПАУНОСКИ | ЗА |
| ИЛИЈА ПЕМОВ | ЗА |
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | ПРОТИВ |
| ЧЕДО ПЕТРОВ | ЗА |
| ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ | ЗА |
| ФИЛИП ПЕТРОВСКИ | ЗА |
| АЗИС ПОЛОЖАНИ | ОТСУТЕН |
| СТОЈАН ПОПОВ | ЗА |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | ПРОТИВ |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | ПРОТИВ |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | ЗА |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | ВОЗДРЖАН |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | ЗА |

| | |
|---|---|
| НЕНАД РИСТОВСКИ | ЗА |
| НАНО РУЖИН | ПРОТИВ |
| ИЛЈАС САБРИУ | ОТСУТЕН |
| АЦЕ САЈКОСКИ | ЗА |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | ВОЗДРЖАН |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | ЗА |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | ЗА |
| РИСТО СПАНАКОВ | ЗА |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | ЗА |
| ЃОРЃИ СПАСОВ | ПРОТИВ |
| МИЛАН СТАВРЕВ | ЗА |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | ПРОТИВ |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | ЗА |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | ЗА |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | ПРОТИВ |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | ЗА |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | ЗА |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | ВОЗДРЖАН |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | ОТСУТЕН |
| МУХАМЕД ТАИРИ | ЗА |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | ЗА |
| МЕВЉАНТАХИРИ | ВОЗДРЖАН |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | ЗА |
| ЃОРЃИ ТОДОРОВ | ЗА |
| РИСТО ТОДОРОВ | ПРОТИВ |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | ЗА |
| ПАНДЕ ТОМОВ | ЗА |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | ЗА |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | ПРОТИВ |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | ЗА |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | ПРОТИВ |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | ЗА |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | ОТСУТЕН |
| ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ | ЗА |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | ЗА |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | ОТСУТЕН |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | ВОЗДРЖАН |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | ОТСУТЕН |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | ПРОТИВ |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | ЗА |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | ОТСУТЕН |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | ЗА |
| АРБЕН ЏАФЕРИ | ЗА |
| ХИСНИ ШАЌИРИ | ЗА |
| АЛИЈА ШАХИЌ | ПРОТИВ |
| РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА | ЗА |
| ГОРГИ КОТЕВСКИ | ЗА |

Од 102 пратеника што пристапиле на гласање 70 пратеника се изјасниле за, 24 против и 8 воздржани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Според тоа констатирам дека м-р Мартин Треневски е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за иселеништво. 72 пратеника гласаа за. Кој е против? 22 пратеника. Дали има воздржани? (5).

Според тоа, констатирам дека Реџеп Златку е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за информации.

Ги молам министрите да дадат свечена изјава. Поделете го текстот.

(Претседателот станува и ја чита свечената изјава, а министрите повторуваат по него).

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам за Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам министрите да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Министрите го потпишуваат текстот на свечената изјава).

Дозволете ми, почитувани пратеници во ваше име. и во мое име да им го честитам изборот на министрите и да им посакам успешна работа во извршувањето на задачите кои ги очекуваат во наредниот период.

Минуваме на третата точка од дневниот ред - Именување на заменици на министрите кои раководат со Министерството за трговија, Министерството за животна средина, Министерството за млади и спорт, Министерството за локална самоуправа, Министерството за иселеништво и Министерството за информации.

Предлогот на кандидатите за заменици министри ви е доставен.

Со оглед на тоа што според членот 142 став 4 од Законот за органите на управата замениците ги заменуваат министрите во случај на отсутност или спреченост со сите нивни овластувања и одговорности во раководењето, именувањето на замениците министри по Предлогот на претседателот на Владата, Собранието ќе го врши со сходна примена на одредбите на Уставот што се однесуваат за избор на Владата на Република Македонија, односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот Татјана Перовиќ-Митрова да биде именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за трговија, молам да крене рака.

66 пратеника гласаа за предлогот.

Кој е против? (18 пратеника гласаа против).

Дали има воздржани? (7 пратеника).

Констатирам дека Татјана Перовиќ-Митрова е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за трговија.

Кој е за предлогот Марјан Додовски да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина, молам да крене рака?

68 пратеника гласаа за.

18 пратеника гласаа против.

7 пратеника беа воздржани.

Констатирам дека Марјан Додовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина.

Кој е за предлогот Шабан Сеиди да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за млади и спорт, молам да крене рака?

68 пратеника гласаа за.

18 пратеника гласаа против. 3 пратеника беа воздржани.

Констатирам дека Шабан Сеиди е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за млади и спрот.

Кој е за предлогот Петре Трајковски да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа, молам да крене рака.

67 пратеника гласаа за.

18 пратеника гласаа против. 4 пратеника беа воздржани.

Констатирам дека Петре Трајковски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Кој е за предлогот Соња

Димитровска да биде именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за иселеништво, молам да крене рака?

69 пратеника гласаа за.

17 пратеника гласаа против.

4 пратеника беа воздржани..

Констатирам дека Соња Димитровска е именувана за за-меник на министерот кој раководи со Министерството за иселеништво.

Кој е за предлогот Драги Арсов да биде именуван за

заменик на министерот кој раководи со Министерството за информации, молам да крене рака?

68 пратеника гласаа за.

17 пратеника гласааопротив. 4 пратеника беа воздржани.

Констатирам дека Драги Арсов е именува за заменик на министерот кој раководи со Министерството за информации.

Дозволете ми во мое и ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

(Изборот беше пропратен со аплауз).

Минуваме на четвртата точка од дневниот ред - Предлог за избор на судија во Основниот суд во Кичево.

Предлогот за избор и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија во Основниот суд во Кичево, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

89 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Драган Миноски е избран за судија во Основниот суд во Кичево.

Минуваме на петтата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

(Пратениците бараат пауза). Ќе има пауза по овие две точки. Предлогот на одлуката ви е поделен. Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

91 пратеник гласаа за.

Кој е против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го разреши Слободан Трајковски од функцијата генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија.

Минуваме на шестата точка - Предлог за разрешување на заменикот генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија.

Ве молам претседателот на Комисијата за избори и именувања има збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, барам претседателот на Парламентот да одреди пауза од 15-тина минути за да може Комисијата за избори и именувања да се повлече и да утврди Предлогодлука за разрешување на заменикот генерален директор на Македонската радио-телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш давам пауза од 15 минути, Комисијата да се повлече и да,даде предлог на разрешување.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот).

По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на точката б - Предлог на одлука за разрешување на заменикот на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Господинот Мевљан Таири бара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се извинувам што не ве следев најверојатно со внимание, но пред се господине претседателе се работи за предлогот за разрешување на заменикот на генералниот директор.

Што се однесува до овој предлог кој што беше утврден денеокана дедницата нашата пратеничка група ќе гласа против ова разрешување, затоа што сметаме дека како прво, не е дадено валидно образложение за тоа зошто се разрешува заменикот генерален директор кој што за разлика од генералниот директор кој што својот мандат го стави на располагање на Собранието, заменикот генерален директор истото не го направи. Тоа е првата причина.

Второ, сметаме дека за разрешување на носител на јавна функција пред истек на мандатот треба да се даде малку поопширно и посериозно образложение зошто се прави тоа, односно барем да се истакне дека лицето кое што вршело одредена функција или не ја вршело работата како што треба па се предлага друго лице кое што се очекува да ги врши подобро работите, а во случајот со јавното претпријатие МРТ, уште поголема одговорност би требало да падне на човекот кој што се нафаќа за таква функција. Очекувавме дека ќе се даде едно поопширно образложение за разрешување на заменик генералниот директор и. дека нема да помине само со една констатација дека е променета власта, па сходно на тоа треба да се сменат и носителите на јавните функции. Јас би сакал исто така да слушнам од предлагачите каква политика очекуваат дека ќе се води од страна на предложените односно од луѓето кои што би требало да ги заменат нив по однос на непристрасноста, јавноста и објективноста која што треба да биде одлика на носителите на јавни функции, односно на политиката која што ќе ја водат овие јавни претпријатија, односно ова јавно претпријатие. За жал, некои процеси кои што се случуваат не да не оставаат впечаток дека објективноста и непристрасноста ќе бидат главните цели на овие смени и имаме резерви кон тоа дали на овој начин ќе се гуши токму непристрасноста и објективноста. Не би сакале во овој момент до крај да бидеме отворени и да ги изнесуваме нашите сознанина за некои работи кои што се одвиваат во некои јавни гласила, но би сакал да обрнам внимание поготово нас предлагачите дека доколку тие наши сознанија за спречување на вистината да излезе на виделина, доколку тие наши сознанија навистина се покажат дека се точни, тоа ќе биде погубно по демократијата и се разбира по улогата што ја имаат овие јавни гласила. Затоа што сепак кога се работи за Македонската радио телевизија и за јавните гласила кои што се финансираат од државата во никој случај не би смеело да се дозволи тие да потпаднат под влијание на одредена политичка партија која што понатаму може да се изроди во едно недемократско однесување на тој кој што предлага.

По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за разрешување на заменикот на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Господинот Мевљан Таири бара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се извинувам што не ве следев најверојатно со внимание, но пред се господине претседателе се работи за предлогот за разрешување на заменикот на генералниот директор.

Што се однесува до овој предлог кој што беше утврден денескана дедницата нашата пратеничка група ќе гласа против ова разрешување, затоа што сметаме дека како прво, не е дадено валидно образложение за тоа зошто се разрешува заменикот генерален директор кој што за разлика од генералниот директор кој што својот мандат го стави на располагање на Собранието, заменикот генерален директор истото не го направи. Тоа е првата причина.

Второ, сметаме дека за разрешување на носител на јавна функција пред истек на мандатот треба да се даде малку поопширно и посериозно образложение зошто се прави тоа, односно барем да се истакне дека лицето кое што вршело одредена функција или не ја вршело работата како што треба па се предлага друго лице кое што се очекува да

ги врши подобро работите, а во случајот со јавното претпријатие МРТ, уште поголема одговорност би требало да падне на човекот кој што се нафаќа за таква функција. Очекувавме дека ќе се даде едно поопширно образложение за разрешување на заменик генералниот директор и. дека нема да помине само со една констатација дека е променета власта, па сходно на тоа треба да се сменат и носителите на јавните функции. Јас би сакал исто така да слушнам од предлагачите каква политика очекуваат дека ќе се води од страна на предложените односно од луѓето кои што би требало да ги заменат нив по однос на непристрасноста, јавноста и објективноста која што треба да биде одлика на носителите на јавни функции, односно на политиката која што ќе ја водат овие јавни претпријатија, односно ова јавно претпријатие. За жал, некои процеси кои што се случуваат не да не о.егтаваат впечаток дека објективноста и непристрасноста ќе бидат главните цели на овие смени и имаме резерви кон тоа дали на овој начин ќе се гуши токму непристрасноста и објективноста. Не би сакале во овој момент до крај да бидеме отворени и да ги изнесуваме нашите сознанина за некои работи кои што се одвиваат во некои јавни гласила, но би сакал да обрнам внимание поготово нас предлагачите дека доколку тие наши сознанија за спречување на вистината да излезе на виделина, доколку тие наши сознанија навистина се покажат дека се точни, тоа ќе биде погубно по демократијата и се разбира по улогата што ја имаат овие јавни гласила. Затоа што сепак кога се работи за Македонската радио телевизија и за јавните гласила кои што се финансираат од државата во никој случај не би смеело да се дозволи тие да потпаднат под влијание на одредена политичка партија која што понатаму може да се изроди во едно недемократско однесување на тој кој што предлага.

И за да не излезам по втор пат, ќе се надоврзам на следната точка која што е веднаш по оваа Именување на заменик генерален директор и на генералниот директор и јас лично очекувам ако не тој, тогаш барем предлагачите да ги изнесат основните цели кон кои што ќе се стремат лицата кои што се именуваат за носители на овие јавни функции, односно што се однесува до генералниот директор и до неговиот заменик би сакал да слушнам од предлагачите ако не е можно од лицата кои што се предложени како носители на овие јавни функции да кажат збор, два ако ништо друго за тој дел кој што најмногу нас не интересира околу положбата на емисиите на албански јазик на редакцијата на албански јазик и на програмата на албански јазик во радиото. Имено, наше барање и интенција било подолго време да се прошири и да се издигне,да се овозможи самостојност во работењето на редакцијата на албански јазик издигнувајќи се на самостојна програма на албански јазик. Доколку овие работи би се презентирале како такви, односно доколку добиеме, дојдеме до сознанија дека навистина ваква политика има намера да се води, тогаш нашиот однос можеби би бил и поинаков. Но, во недостиг на елементи околу ова што го истакнав, ние неможеме да го гшддржиме ниту предлогот за именување на генерален директор, ниту предлогот за именување на заменик генерален директор.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Дали некој друг бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Искрено дас кажам дека за малку ќе бев убеден дека најпосле оваа коалиција ќе води една принципиелна политика и во однос на кадровските прашања, меѓутоа, изгледа во последно време се разубеди, односно ме разубедивте и од почетокот да кажам дека воопшто немам ништо лично во однос на луѓето кои се разрешуваат, поднесуваат оставки, или пак луѓето кои се предлагаат за да се именуваат на тие места. Реков дека скоро сега сум убеден дека некои постапки ми даваа право да размислувам дека сепак живееме во структура односно организациона структура на "банана република""каде наместо владеењето на правото, владее потполна несигурност, не се почитуваат елементарните норми на постапката, не се почитува ред и професионализам. И тука не се работи само за неодговорност на тие кои ги преземаат ваквите чекори, туку се работи за своевиден хаос и анархија во државата која многу скапо може дас не чини. Во нормалните влади при секое кадровско разрешување сосема е нормално да се побараат односно да се анализираат резултатите, деловните резултати на тие луѓе кои се објект на разрешување, да се земе во предвид мандатот како институт кој не постои за ништо и да се види дали има основи, оценување дека има прекршување на законските прописи. Се поставува прашањето зошто постои институтот мандат? Мислам дека одговорот за секого е јасен. Прво, не само затоа што правното е

предвидено од правните акти било од највисоките па до другите акти, туку и од практични причини.

Прво, е сосема нормално на човекот кој е избран на одредена функција да му се овозможи едно разумно време за да се докаже што може тој да учини во правец на унапредувањето на работењето во таа структура која ја претставува.

Второ, да се заштити од чувството за несигурност и перманентен притисок кој може да се врши од одредени кругови.

Трето, да не надвладеат влијателни структури, првенствено политички структури над професионализмот. Внимавајте господо, јас навистина никако неможам да се убедам дека вака како што постапуваме ние постапуваме сосема нормално, дури ако во најчувствителната област на општеството како што се меидумите да не се почитува основната постапка, тогаш се поставува прашање што правиме со другите сегменти кои не се толку чувствителни. Прочитајте го Уставот што кажува во однос на разрешувањето на функционерите, односно носителите на јавните функции и ќе се убедите дека постапката денеска која е тука поставена не е во ред.од причина што Уставот предвидува интерпелација која е постапката, од страна на еден одреден број пратеници најмалку пет мина можат да поднесат интерпелација за работата на оделен функционер кој раководи со одделна структура и потоа да се даде разумно време кое исто така е проблем на постапката за да одговори тоа лице и тн. па потоа да се донесе соодветна одлука. Вака како што работиме секому на улица ќе му падне на памет некого да смени, па ќе дојде тука кога ќе се усвои дневниот ред ќе предлага да се дополнува дневниот ред. Самиот факт што немате трпение да ме сослушате значи неможете да се соочите со аргументите. Ве молам, кој сака да каже, нека излезе тука и јас ќе го сослушам до крај. И сега да ви кажам дека мене никој не може да ме убеди дека надвладува професионализмот над партиското, напротив убеден сум дека неможеме да се поделиме од блискотс минато дека за се е потребна партиска боја. Значи, сегашната коалиција помеѓу тесно партиските интереси облечени со непрофесионализам и не-зависноста на меидумите, интересите на граѓаните за независни и слободни медиуми се определија за првото и тоа нека им служи на чест. Што е најлогично луѓето кои што се сменуваат не само од оваа структура, туку и други структури за жал дознаваат од медиумите, односно од телевизија. Во разговори со повеќе новинари од државните медиуми искрено стекнав убедување дека луѓето се опфатени со страв, несигурност и притисоци, закани и просто се чувствуваат дека се репресираат. Гледајќи ја А-1 телевизија во однос на тутунопроизводителите стекнав впечаток дека тие новинари се лишени од тој страв, дека едноставно ја интерпретираат ситуацијата таква каква што е за ралика од новинарите на Македонската телевизија кои прикажуваат нешто сосема друго. А-1 прикажува обвинување на власта, Македонската телевизија прикажува обвинување на тие директори таму. Одтука мене не ми е јасно дали средствата за јавно информирање се во сопственост, односно се во партиска сопственост, или пак државна сопственост, или јавни претпријатија што за тие плаќаат сите граѓани, а тие граѓани не се членови на партиите коирсе, барем сите не се членови на партиите кои се коалиционен партнер, па мнозинството од нив воопшто не се членови на партиите и се разбира тие медиуми мораат да постаспуваат соодветно со нивните интереси. Кадровскиот квалитет кој се нуди кај државните медиуми посебно кај медиумите на албански јазик, мислам дека интелектуално не се на ниво за да гарантираат еден напредок, особено ние сме сведоци, еве сега во "Флака е влазеримит", јас мислам дека за неколку недели практично тој дневник или весник нема да има читател од причина што е веќе сведен во партиски весник.

Со ова јас ќе завршам и ви благодарам на вниманието, особено од десната страна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака.

70 пратеници гласаа за предлогот на одлуката.

Дали има некој против?

25 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

Никој.

Констатирам дека Собранието го разреши Нијази Мухамеди од функцијата заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Преминуваме на Седмата точка - Предлог на одлука за именување генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара зббр?

Пратеникот Тито Петковски бара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата веднаш на почетокот да кажам дека Социјалдемократскиот сојуз ќе гласа против предлогот за избор на директор на Македонската радио телевизија. Се разбира, ќе кажам и зошто, молам за мало трпение.

Веднаш на почетокот да кажам дека немаме никаква забелешка за професионалниот профил на кандидатот, за личноста на кандидатот. Нашите забелешки се во споредба на принципиелното. Имено, се бира генерален директор на Македонската радио-телевизија како јавна институција, како јавен сервис, институција за чии услуги граѓаните на Република Македонија плаќаат радио дифузна такса, за која институција мора да имаат многу силни влијание. Сервис кој што навистина треба да биде отворена трибина на граѓаните на Република Македонија, да биде меч, што би се рекло, за демократијата и сериозно средство во борба против секој властодржец дали е тој од ВМРО-ДПМНЕ, Демократска алтернатива или СДСМ. Ако сакате, да ми биде до крај чиста совеста за она што ќе го кажам понатаму, мислам дека Македонската телевизија, повторувам Телевизија многу не се разликуваше во односот кон поранешната Влада за она што го демонстрира овие денови во однос на некои актуелни состојби во Република Македонија, кои господин Билали ги спомна, не чуствувам потреба да ги повторам. Значи, станува збор за нешто за кое се заинтересирани сите граѓани на Република Македонија и мислам дека не може да биде никако предмет на интерсе само на една политичка партија и дека е најчуствителниот сектор во кој нема простор за тесно партиско влијание. А овде се предлага кандидат кој е уредник на партиското гласило на ВМРО-ДПМНЕ и се разбира, сосема е логично да се очекува и преку програмите на Македонската радио-телевизија доминантна улога ќе имаат политичките опции на оваа политичка партија, можеби и на коалицијата. Како илустрација ќе се послужам токму со Програмата на ВМРО ДПМНЕ, пред изборната програма дека она што го запиша во програмата не соодвестува со предлогот на политичката партија за челното место во Македонската радио-телевизија. Ке ми дозролите, нема да цитирам многу, само еден дел, меѓутоа, тоа не е извадено од контекст. Овде е напишано во програмата дека ВМРО смета дека се додека не се оствари основното човеково право,слободата на говорот во Република Македонија нема демократија. Јас со тоа се согласувам.Се спротивставуваме на секаков видѕ политичко туторство врз новинарството, на цензурата и интервенционизмот во новинарските прилози", исто така се согласувам. "Пристрасноста на новинарите и авто цензурата се најголемата опасност за вистинската слобода на македонското јавно информирање". Понатаму стои: "Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе има доблест прв пат во Република Македонија самата власт да се откаже од туторство и контролата врз информационата и уредувачката политика во средствата за јавно информирање. Се прашувам како ќе се откаже ако делегира практично политички комесар на челното место во Македонската радио телевизија. Дали објективно тоа е можно. Ве молам, се промовира еден принцип, а јас ќе илустрирам и еден друг пример. Се промовира еден принцип дека партиската припадност е круцијалниот доказ за некој да биде на определено место. Веднаш ќе спомнам, ова влегува во еден контекст кој што имавме можност да го слушнеме пред некој ден и на централната информативна емисија на Македонската радио-телевизија на Македонската телевизија на Дневникот кога претседателот на ВМРО-ДПМНЕ во Битола рече јавно дека директорите во Битола мора да бидат способни луѓе и пред се ВМРО-овски ориентирани. Значи, не дај боже некој друг што не е партиски ориентиран, а е многу способен човек или, "скраја било" некој да има друго политичко убедување неможе да биде директор во битолските фирми, или да речеме да дојде од надвор како експерт, како стручњак.

Исто така, нема шанса да биде на чело на фирма во Битола.

Според тоа, заложбите и на другиот, и на коалициониот партнер во предизборната кампања дека ова е партиска држава, дека треба да се води најотворена битка против партизација на државата во сите сегменти да се води паѓа во вода. Јас оставам, бидејќи ова за себе го прочитав, да суди овој Парламент и нека суди македонската јавност за доблест на оваа партија на врвното место да го помести човекот кој досега бил уредник на партиското гласило на една политичка партија.

Во Република Македонија и пред изборите и за време на изборите многу жестоко се критикуваше наклонетоста токму на оваа куќа и на некои други гласила во Република Македонија на власт и тоа беше оценето со неповолна оцена, особено од Европскиот институт за медиуми дека во Македонија медиумите се сепак зависни од власта, не се независни. После ова, после изборот на човек делегиран од политичка партија не сакам да говорам за она што се случи класичен пуч во "Нова Македонија" и таму во првите редови стоеја исто така челници од политичките партии каква е тоа легитимација на Република Македонија пред меѓународната јавност. Дали и натаму можеме да инсистираме дека сме за демократска комуникација, демократско информирање, ако во државните медиуми, повторувам во државните медиуми, се делегираат луѓе исклучиво од партиските врвови на политичките партии. Се разбира, јас сакам да одиме чекор напред, да не се повторуваат грешките од минатото, затоа што Македонија може да бара простор во европски меѓународни рамки само доколку биде демократска средина, доколку даде простор преку овие медиуми да се артикулираат најразлични политички погледи. А ова што се случи, бидејќи овој дел што е сега, новинарите во Македонската телевизија, бидејќи го почуствуваг духот на новото време веднаш се престроија. Така ќе биде утре ако се одне суваме како држава, и било која власт да дојде, не само оваа или некоја друга власт, трети политички партии кои денес на македонската политичка сцена воопшто не постојат.

Според тоа, мислам дека навистина не е добро Собранието како законодавен дом, највисок орган во оваа држава, да верификува, да валоризира промоција на партиски комесари во јавните гласила во Република Македонија. Јас пак ќе речам, и минатата власт имаше влијание во оваа куќа, меѓутоа, ако одиме чекор понапред во интеграција со европските современи системи, мислам дека таа пракса треба апсолутно да престане да постои. Со тоа што, ќе додадам, ниту еден новинар, а да не говорам за досегашниот директор за кој ние веќе гласавме бидејќи тој сам си поднесува оставка, неможе да каже дека бил член на една политичка партије а дека луѓето бараат дури имаше министри од СДСМ, како што гледате сега се и жестоки критичари на политиката на СДСМ, кои не беа членови на Социјалдемократскиот сојуз.

Според тоа, мислам дека навистина не е добро и понатаму односно многу пожестоко да се промовира партиската припадност како круцијален аргумент за вршење на одредена функција и мислам дека заправо тоа ќе биде и сериозен проблем на новиот генерален директор на Македонската радиотелевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓата Гулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА**:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, морам да кажам дека дискусијата на господинот Тито Петковски во многу нешто ми ја олесни работата по повод оваа седница, односно оваа точка на дневен ред, од проста причина што ако го вратиме тркалото на историјат а тоа мораме да го направиме заради демократскиот амбиент за кој тој зборуваше, како да ја повтори мојата дискусија од пред седум години. Точно во оној момент кога за прв директор на Македонската радио-телевизија се избра прв чове од плуралното Собрание на Република Македонија односно госпоѓата Мелпомени Корнети. Однапред се извинувам што нејзиното име *ќе* морам да го споменам во овој контекст, меѓутоа, истата госпоѓа беше член на Извршниот комитет на тогашната Либерална партија и целиот Социјалдемократски сојуз кој што беше во коалиција со Либералната партија односно реформистите во тој период гласаше за мојата дискусија дека не е добро најдиректно од редовите на партиското раководство да се избираат луѓе и дека ќе има далечни реперкусии врз работата на оваа госопѓа, за жал, се

остварија, а тогаш немаше ниту еден против дискутант кој би зборувал во прилог на оваа моја теза. Што значи дека доколку сакаме партиската припадност да не биде круцијален елемент на едно веќе усталено право на именување на директори најпрво ќе треба во нашите редови тоа да го започнеме и на тој план да работиме меѓу нас, а не да и префрламе на другата страна дека го чини она што веќе ние да простите, не еднаш туку двапати сме го направиле. Не сакам да кажам за партиската припадност на господинот претходен деиректор на Македонската радио-телевизија, меѓутоа, тој повеќепати веќе беше директор и самата негова оставка не значи дека тој не бил припадник на Социјалдемократскиот сојуз дури, и да не е така, презентирањето на се она што значи јавна вест во медиумите, особено по основ на Македонската телевизија доволно зборуваше за приближеноста на оваа куќа од јавен тип со Социјалдемократскиот сојуз впрочем, тоа го рекоа и оценките на мониторинг комисиите од повеќе европски земји кои беа присутни за време на изборите во Република Македонија.

Токму од овие причини, мислам дека партиската припадност за која очигледно овде на големо се алудира не може и не смее да се свати дека е единствената причина поради која господинот Љупчо Јаќимовски ста става на чело на оваа куќа. Веројатно е еден од елементите, тука преовладуваат и професионалните елементи, меѓутоа, вие неможете да кажетс како опозиција дека ние правиме нешто што вие не сте го направиле и дека нешто треба да се смени само заради тоа што вие не сте на власт. Се прашувам, ако вие бевте на оваа страна, дали така ќе дискутиравте. Што значи дека едно воспоставено тркало на историјата ние го продолжуваме, се разбира со она што јас би сакала да го извлечам како позитивен елемент од даскусијата дека навистина објективноста на медиумите е важен настан во демократијата на Република Македонија и тој треба да биде круцијалниот елемент за кој што треба да се дискутира, меѓутоа, партиската припадност очигледно и порано и сега ќе биде неминовност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Гулистана Марковска.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, слушајте не и кога ние сугерираме нешто или даваме некоја сугестија, затоа што се определивме да бидеме конструктивна опозиција, што повеќе ние кажуваме за ова,односно укажуваме, толку подобро ќе биде за Вас за да останете малку повеќе на власт. Инаку, ако одите по овој терк и вака, тогаш мислам дека ќе бидеме многу недобронамерни, ако не ви укажуваме на некои работи. Знам, веројатно секогаш се знаело дека директорот и замeникот со политички убедувања биле едниот до СДСМ другиот до ПДП и вие во тоа сте верувале, затоа што власта и мнозинството и во овој Парламент беше таква.

Меѓутоа, кај вас сега нешто друго се случува. Вие сте апсолутно транспарентни.Што значи тоа? Тоа значи дека пратеник од првиот состав на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник на овој состав кој е со белег, се знае дека пратеник станува, пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, генерален директор на Македонската радио-телевизија.Тоа веќе неможе да се рече односно дилемата да постои: ама е до таа партија близок или не е. Тука веќе е јасно. Државна телевизија односно јавно, меѓутоа, сепак тоа е државна телевизија, прв човек е човек кој е пратеник одновно луѓето понатаму ќе кажуваат овој генерален директор беше пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е многу јасно. Но јас сепак знам и мислам дека како пратеничка група знаеме дека како мнозинство, колку и да зборуваме, колку и да укажуваме, се знае дека ќе биде директор заради тоа што Вие сте се определиле како коалиција и тоа е многу точно и тоа *ќе* се прима без многу лутење. Мислам дека ни е јасно.

Сакав да укажам и на една друга работа. Кога Владата на

Република Македонија именува функционери, само нормално кога не се почитуваат или се почитуваат одредени договори, тогаш *ќе* стават луѓе и партиски, и се. Ние сме тука Собрание. Овие функционери кои ги разрешивме ги бираше Собранието и овие кои ќе ги избереме ги избира Собранието. Тогаш да имаме барем малку една резерва во нашето однесување кон тие што ги предлагаме, една почит кон тие што ги разрешивме. Ги разрешивме на брзина, дури знаете тоа беше многу јавно, претседателот на Собранието ги викна во својот кабинет и набрзина им кажал: Дај поднесете оставка, брзо да ги решаваме работите. Не им дадовме можност ниту да

поднесат извештај, нема никаква можност за интерпелација. Требаше, прво, тука да се одговори негативно со гласање дека не се прифаќа извештајот за нивната работа. Никаква можност дури не се ни тука. Тие требаше и да бидат присутни тука, затоа што се избрани од Собранието. Ни тоа не им го овозможивме. А сега веќе на тоа што вие секогаш кажувавте, сега вие храбро си одите по еден терк уште подрастичен, партиски. Мислам дека е многу подрастичен, затоа што тој генерален директор што беше можеше да рече и сум и не сум партиски обоен. А за овој, како ќе кажеме? Овој веќе е пратеник. Секоја почит кон него, со него бевме колеги, немам ништо против. Како колега тој навистина беше и во првиот состав на Собранието и во овој состав. Кон неговата личност навистина немам ништо, затоа што професионалец сигурно е штом е од куќата, меѓутоа, во таа функција многу ми е жал што оди од функцијата пратеник како генерален директор на МРТВ.

И уште нешто сепак ние и опнатаму веруваме, а незнам, имавме еден став, во меѓувреме незнам можеби ќе остане ставот да бидеме воздржани во сето ова, но верувам дека тоа што ние се ангажиравме како пратеничка група односно како пратеници во континуитет каков статус да има Редакцијата на Албански јазик, во континуитет ќе се ангажираме и веројатно ќе успееме, макар од опозиција, Редакцијата да премине во програма каде ќе се добие што поголем термин на Албански јазик. Дури, имам една идеја што би сакал тука да ја предложам на сите јазици од националностите веќе имаме програма. Значи, имаме на македонски, на албански, на турски,на српски јазик, немаме на бошњачки. Мислам дека треба наредниот директор да се ангажира, да одговори на мултикултурата и мултинационалноста на државата, затоа што тие се исто така посебна групација односно националност во Република Македонија, каде што треба да им се овозможи и тие во тој мозаик на презентирање на нивната култура, идентитет и јазици да бидат прифатени. Ова се мои сугестии, дали и како вие ќе реагирате, мислам дека тоа ќе го направи самиот генерален директор, идниот и мисла дека ќе го земе предвид тоа што го укажуваме, затоа што веќе сме сигурни дека ќе биде генерален директор на МРТВ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Исмет Рамадани. Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Љубен Пауновски

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Дами и господо ви благодарам на две убави карактеристики па и признанија околу сето тоа . Едното е дека немате дилеми околу личноста на г-динот Јакимовски, напротив многу пофално се изразивте и втората што соопштивте дека многу отворено пристапуваме кон работите. И тоа според мене е длабок комплимент, бидејќи ВМРО - ДПМНЕ отворено пристапува во реализирањето на својата програма, концептот што овде го прочитавте како ќе пристапиме кон тоа, да знае јавноста каде е лоцирана одговорноста. Вашата тактика досега беше спомената токму тука. Сега многу лесно ние живееме со тој синдром од 40-50 години каде што одговорноста е некаде под катакомбите сокриена. Никогаш неможевме да ја најдеме. Затоа многу ви благодарам за овие две признанија што ги дадовте, ги чувствуваме како комплимент.

Парламентот дали е улица, веројано во некоја друга прилика ќе имате можност да го објасните тоа. Мислам дека ќе имате барем малку чувство за таа одговорност.

Што се однесува до вработените, ќе го слушнете, веројатно, наскоро нивниот глас, со какво очекување приоѓаат кон овие промени. Ако сакате можеме да поразговараме од најдиректни , најстручни аспекти за состојбите во овие куќи и мене ме радува до колку ги познавате да отвориме и за тоа една убава расправа и ќе ја погледнеме реалната состојба во оваа куќа, и во оваа куќа и во "Нова Македонија". Не сега, како што стручните служби донесуваат извештаи за состоЈбите каде што[1] се катастрофални, според уредувачката политика, бидејќи таа ги блокира комплетно тиражите на изданијата на "Нова Македонија" директно од уредувачката политика, а тоа е страшна одговорност. Понатаму, блокираните сметки, финансиската состојба сега ние пристапуваме отворено да се лоцираат одговорнисте. Ние сме убедени дека ќе ги доведеме овие куќи во една нормална состојба, поднослива, меѓутоа и уредувачка политика и одговорноста што ја има кон јавноста, онака како што го прочитавте од Програмата на ВМРО-ДПМНЕ.

Што се однесува до ВМРО-вски ориентации, мислам тоа треба да го

примите дека станува збор за прашањето на чесноста, а за тоа, барем за почетокот ви е доволно тоа, дека наместо криење и правење театар, ние на крајот на криштата постапуваме отворено. Се поставува таму човек што треба да ја преземе целокупната одговорност, да ја направи фактичката состојба во која е таа пронајдена. Се надевам дека ќе имате можност да ја погледнете и потоа да се преиспитаат работите на тој театар што досега се правеше во оваа куќа, да видиме кој ја донел до таа состојба. Тогаш ќе можеме и за тоа да поразговарам'

Меѓу другото, г-динот Јакимовски не е член на најтесното раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Тој е уредник на списанието кој може да добие , според вашите објаснувања третман на професионален однос, а вие имавте такви примери, кои сега ги објаснувате овде како треба да се постапува , а не постапувавте. Поставувавте директори од најтесни раководства. И до колку сакате некои дополнителни објаснувања за таа куќа, повелете, можеме да поразговараме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал малку , респектирајќи го тоа што г-динот Петковски и г-динот Биљали го кажаа, од другата страна да ја поставам дискусијата.

Искрено да ви кажам, јас немам предубедувања при изборот на некој кандидат, иако тешко ќе го поверувате тоа. Меѓутоа јас можам да ве уверам дека го немам . Да ви кажам немам ни против во ова што сегашниот избор е на спротивната страна од изборната програма на коалицијата, друга концепција е во прашање. Дури немам ни против ни што е , ајде да го кажеме од партиски новинар. Немам против што лошата пракса, која за жал, нека ми извинат колегите од ЛДП, ја воведоа во 1994 година. Меѓутоа, проблемот е што таа пракса сега се продолжува Проблемот е таа пракса да се промени. Нели девизата на промените беше една од која се добија изборите. Но тоа не е прашање по оваа тема. Меѓутоа имам впечаток дека се што беше лошо, изговорот за да го продолжите лошо го наоѓате во тоа дека до сега било лошо, а она што било добро ќе го направиме лошо. Еве да ви кажам искрено , јас кога бев пратеник на СДСМ како позициона партија, најчесто дискусиите, тогашна ЛДП кога оние беа во опозиција наидуваа кај голем дел од нашите пратеници на релаксација, на тој начин што ќе се затворат очите и ќе се смееме на констатациите извадени на говорницата, наместо секогаш да се загрижиме дали е тоа вистина. Таа пракса, се разбира дека може да се прифати. Таа никогаш не вродила со резултат.

Јас сега, за жал, ќе ја повторам мојата дискусија која г-ѓата Гулистана ја заборавила, изговарајќ дека никој тогаш ништо не кажал. Ќе ја повторам дискусијата од 1994 година после изборот односно по повод изборот на Мелпомени Корнети. Тогаш исто така кажа дека не ни е проблем што има членвство во извршниот одбор на партијата туку со мене и тогаш и сега одеше еден друг проблем. Зошто ова Собрание, а мислам дека, немојте ова да го сватите дека е упатено кон вас, туку процесот на избор на функционери кои недоставуваат своја програма за работа , а што денеска видовме на примерот на избор на заменикот, дури ид јатког се предлага . Не доставуваат програма до нас. Таа програма не е за пратениците за позицијата или опозицијата . Секој е должен, елементарно кога ќе биде предложен на некоја функција да достави елементарна програма на три страни, не да се лоцира неговата одговорност туку може да биде контарибилен со тоа што го предложи и со она што треба да го направи. Знаете како, после четири години на г-динот Љупчо Јакимовски ќе можеме да му кажеме дека добро или лошо работел и вие и ние ,врз основа на тоа што он го ветил. Инаку сега повторно ќе се сведе дискусијата на истото. Јас ќе гласам за г-динот Јакимовски не за тоа што имам симпатии, зошто сум од иста и спротивна страна ќе гласам само ако видам дека има програма кој објективно , овој наш телевизиско или радиски систем ќе го извлече со нешто понапред од што беше. И г-ѓата за која разговаравме не е добро да се спомнува во нејзино отсуство не понуди програми. Кога си одеше немаше можност да се каже дали ја исполнила нејзината задача, врз основа на тоа што се одбра тука. Сега истото го правиме. Јас ќе бев многу среќен на пример ако видев програма на три страници. Македонија остана, тоа не е грешка на сегашниот предложен директор, меѓутоа е грешка на државата на последните десетина години, веројатно. Остана последна во Европа, не на Балканот. Една Албанија со таков ниво на развој има свој сателитски канал. Цела Европа може да ја гледа албанската телевизија или нивните иселеници за кои толку загрижено разговаравте преходно, може да ја гледаат

под два три часа  на ден. Македонската телевизија е единствена на Балканот и Европа која нема сателитски канал, сателитски импулс или како тоа технички се вели. Затоа јас ќе бев среќен да видев дека има програма со која таа програма таа телевизиска куќа од дневно политичко влијание, ќе се приклучи кон технолошка модерни-зација, ќе се приклучи кон продуцирање на телевизиски и сателитски канал на Македонската телевизија, да можат и другите да гледаат, а ние да продуцираме. Да се предложи концепт со разграничување на 1-та 2-та и 3-та телевизикка програма. И од коалицијата имате разлики.

Едни бараат втората програма да стане канал на националностите. Програмата се не нуди дали таа ќе го задржи сегашниот концепт или ќе оди. Имаше размислување дека преку канал треба да се дава подконцесии на приватници, под разни услови . Па дури да ви кажам и за што сум загрижен. Сегашната МРТ иако цениме и ја финансираме сите граѓани како јавен сервис, не ги исполнува условите кои се пропишани со Законот за радиодифузија. Македонската радио телевизија, а да не зборуваме и за другите телевизии, сега неможам да кажам конкретен податок, едно време дури водев и сопствени прибелешки кога ќе можам да ја гледам телевизијата, рекламираше цигари спротивно на законот. Зошто ние на СИТЕЛ ил на А-1 ќе им забележиме дека рекламираат цигари спротивно на Законот. Дали е тоа добро или лошо неможе да се оценува. Има закон дека нетреба така да се прави. Понатаму зошто на МТВ, на пример јас се чудам филмови за 2-та светска војна од македонска про-дукција не се даваат пет шест години наназад. Нив едноставно ги нема, никогаш не се репризираат. Понатаму зошто на МРТ централниот ударен дневник е претворен во документарна емисија од 45 минути во кој првите две се информации, па после некаде во 19,35 часот веднаш почнува со коментари , дали ОТЕКС пропаѓа , дали ЈУГОХРОМ има каде да извезува руда. Тоа е еден концепт за кој сите знаеме дека е лажиран. Дали тоа може да се претвори во информативен сервис или ќе остане сервис на коментаторска служба. Еве може за тоа да се разговара долго. Јас само импровизирам само за да укажам на фактот дека достојно е Собранието да има програма од оние што ги избираме . Не само за овој случај туку и за другите случаи. Ако некој се избира на една функција толку значајна тогаш нека достави програма да видиме што е тоа што он ќе го прави. Сега во една ваква процедура секогаш скратена, секогаш избрзана никогаш нема да се ... и никогаш и вие и ние како пратеници да знаеме дали она што сме го избрале ја завршило својата работа.

Дали, знаете таму има проблем со превработеноста, дали ќе има трансформација, дали ќе има зголемување или намалување на бројот на вработените, технолошка модернизација и тн. Заслужуваат тие проблеми да се најдат на дневен ред кога вршиме избор затоа што после тоа ќе чекаме четири години да констатираме. Така да јас, без разлика на се она друго, мислам дека е добро да се врати во Парламентот праксата луѓето кои ги избираме од тука да имаат сопствена програма што сакаат да направат со областа, со куќата, јавната дистрибутивна мрежа за која ги бираме за директори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Насер зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе , почитувани дами и господа,

Неминовно е да има расправа кога се работи за многу чувствително прашање како што беше случајот со предлозите за разрешување на генералниот директор и заменикот директо на МРТВ и во исто време понудата да се изберат нови раководни луѓе сднoсно нов директор и  нов заменик директор на МРТВ. Всушност секогаш сум водел расправа при вакви прашања и тоа не случајно затоа што тоа задира во порите на општествениот живот, а знаете дека МРТВ е јавно претпријатие од посебен интерес, затоа што се занимава со едно многу чувствително прашаше, како што е информирањето.

Обидот да се споредува сегашната ситуација со ситуациите од порано кога се избирале директори и кога се разрешувале, може да служи како вовед во расправата, но никако тоа неможе да ве амнестира за постапките што ги правите, до колку било грешка кога се разрешила Мелпомени Корнети, сега истата грешка и вие да ја направите. Всушност вие токму мандатот го добивте на заложбите перманентни пред јавноста дека ние ќе ги корегираме сите погрешни постапки на претходната власт и претходната Влада. Ако тоа беше така, а така беше сега всушност го правиме токму спротивното.

Ако претходното Собрание го разреши претходниот директор, истото ќе го направиме и ние и со тоа сме ја завршиле работата. Тоа до одреден степен може да изгледа така, но проблемот е во нешто друго. Проблемот е во постапката и начинот на кој се прави тоа, а тоа е многу проблематично.

Мелпомени Корнети беше разрешена во моментот кога не и беше прифатен извештајот за работата, со оценка дека не се постигнати програмските цели на МРТВ и соодветно на тоа уследи разрешуваше. Или, има и друг начин, да се покрене интерпелација против носител на јавна функција, па да му се даде можност на тој носител на таа јавна функција да ги изнесе аргументите за тоа што е причина за негово разрешува држи или недржи. Одтука идеја без никаква расправа, без ниеден аргумент зошто се сака да се разреши досегашниот раководен тим, а од друга страна без никакво нудење на програмски визии за идниот раководен тим, мислам дека е сосма погрешно и како постапка и како цел која сака да се оствари.

Долго време имавме прилика да слушнеме како претходната влас го има партизирано целиот систем , целата држава и се правеше оби. да се идентификува намерата на партиите на власт со државата. На истата грешка само сега во подрастична форма, дури со кршење на законските прописи па и процедурата, се прави од Владата која се издигна на критиките на претходната, токму по ова прашање. Ако за толку кратко време оваа Влада направи толку разрешувања во министерства, во јавни претпријатија , во други установи, а јас сум убеден дека Програмата од 100 дена нема да личи на ништо друго од оваа Влада, освен 100 разрешувања и нови именувања, тогаш се прашувам каква дражава и каков систем градиме ние. Дали не е тоа истата грешка, само сега во подрастична форма.

Многу тези беа елаборирани по однос на тоа што значи ова што се прави со медиумите, пред некој ден со "Нова Македонија" сега со МРТВ, утре со некоја друга установо, не дај боже како што е почнато ќе стасаме и кај третата власт, односно и кај судството и ве убедувам дека таму и ќе стигнеме, и тогаш ќе се прашаме каков систем ние градиме. Но, сето тоа на страна. Мене ме загрижува нешто друго,што овде на каскадерски, каубојски начин беше направено разрешувањето на заменик директорот и предлогот за именување на негов наследник. И тоа да е трагедијата уште поголема, Предлогот за негово разрешување доаѓа од ДПА односно пратеник албанец. Ќе беше многу покоректно до колку албанците во Владата се залагаа да ги прошириме редовите, бидејќи и така они цело време тврдеа дека е многу мал, симболичен односно никаков бројот на албанците во институциите, а не албанците да ги заменуваме со други албанци, само сега со една друга партиска припадност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Зибери.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседатле, почитувани колеги,

Мислам дека станува збор за оставка на генералниот директор на МТВ, а не за негово разрешување. Станува збор за именување, односно избор на директор на МТВ. Најнормално е партијата, односно ние пратениците да поднесеме предлог и по секое ваше кажување. Основната карактеристика позитивна на господинот Љупчо Јакимовски не е партиската припадност. Вие рековте дека господинот Љупчо е способен новинар. Зарем треба да бараме непартиски луѓе да ги предлагаме за директори. Не поаѓам ја од практиката за тоа дека тој е припадник на одредена партија што го предлагаме. Прв критериум, при неговото предлагање е неговиот квалитет како новинар, а не смета да биде партиски определен. Мислев дека ќе се деполитизира при неговото стапување на функција и мислам дека она ние што сакаме и што беше предложено од коалицијата дека ќе биде испочитувано од наша страна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој да учествува во расправата? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, ја затварам расправата и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има против Предлогот?

(16 пратеници).

Дали има некој воздржан? (2 пратеника).

Според тоа констатирам дека господинот Љупчо Јакимовски е именуван за генерален директор на Јавното претпријатие МТВ.(Аплауз)

Минуваме на точката осум - Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(67 пратеници).

Дали има некој против? (17 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање?

(1 пратеник).

Според тоа констатирам дека господинот Имер Исмаили е име-нуван за заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ.

Минуваме на точката девет - Предлог на одлука за огласува-н>е избор на судии во основните судови во Гевгелија и Гостивар.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(74 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласу-вање избор на судии во основните судови во Гевгелија и Гостивар.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Следната ви е следниот четврток.

(Седницата заврши во 17,15 часот)